**_Creative FLIP_, проект за политики кофинансиран од програмата „Креативна Европа", објави отворен повик за посетители во рамките на иницијативата „Амбасадори на добра практика во неурбани подрачја"**

Неурбаните подрачја, иако често погодени од иселување и економски застој, имаат огромен потенцијал за обнова токму преку културата и креативноста. Тие заедници, цврсто вкоренети во природните и културните ресурси, претставуваат простори за истражување нови модели на живеење и работа, каде што иновациите и одржливоста се поттикнуваат од самата средина. *Creative FLIP* верува дека неурбаните подрачја се динамични простори на креативност, отпорност и иновација, богати со културна живост, одржлива практика и инклузивни заедници.

Преку „Амбасадори на добра практика", *Creative FLIP* поддржува 10 иницијативи за размена и заемно учење помеѓу организации и заедници од различни делови на Европа. Целта е да се прикажат успешни примери за тоа како уметноста и културата овозможуваат ревитализација на овие средини, преку петдневни средби меѓу избраните домаќини и посетители заради споделување знаење, идеи и инспирација.

Во првата фаза од процесот, преку јавен повик беа одбрани 10 организации домаќини од културните и креативните сектори или локални/регионални власти кои реализираат инспиративни иницијативи за оживување на неурбани подрачја. Овие организации доаѓаат од различни земји и ги претставуваат разновидните пристапи и перспективи за културна ревитализација на неурбаните заедници низ Европа. Повеќе информации за селектираните организации и нивните програми за размена може да најдете тука

Во втората фаза, *Creative FLIP* отвора повик за 10 нови организации кои ќе учествуваат како посетители. Повикот е наменет за организации од секторот за културни и креативни индустрии, како и за локални/регионални власти од сите земји членки на програмата „Креативна Европа", кои дејствуваат во неурбани подрачја и имаат стремежи за локален развој преку културата. Избраните посетители ќе бидат поврзани со своите домаќини заради реализација на размената што ќе се одвива во периодот од октомври 2025 до март 2026 година.

**Краен рок за пријавување**: 7 септември 2025 година, до 23:59 ч. (CET)

Сите информации во врска со повикот и аплицирањето може да ги најдете тука